З А П И С Н И К

Од 10- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 10-та редовна седница на ден 21.06.2022 година (Вторник) со почеток во 13.00 часот во просториите на Спортската сала на ООУ„Гоце Делчев“, Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата присуствуваа сите советници.
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево и Сања Стојанова, габриела К Евтимова представници од општинската аддминистрација и Васе Костадинов представник од Јавното комунално предпријатие „Турија“ Василево.
Пред да биде предложен дневниот ред за работа на десетата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од деветата седница на совет на општина Василево одржана на ден 30.05.2022 година, немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 10 -та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог- Одлука за сопствено учество за аплициран предлог- проект преку Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента за 2022- 2024 година овозможена во рамките на проектот одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој- ll фаза поднесен преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.
2. Измена и дополнување на Буџетот на Општина Василево(Ребаланс) за 2022 година.
3. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместок за приклучок на канализациониот систем на физичките лица во населените места Ангелци,Градашорци, Пиперево и Едрениково. бр. 02-416/1 од 09 .06. 2022 година.
4. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за приклучок на корисниците на водоводната мрежа во населените места во Општина Василево бр.02-417/1 од 09.06.2022 година.
5. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на шахта бр.02-418/1 од 09.06.2022 година.
6. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на водоводниот приклучок од главната линија бр.02- 419/1 од 09.06.2022 година.
7. Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на цената за комунални услуги- собирање, транспортирање и депонирање на цврст комунален отпад за домаќинства бр. 02.-420/1 од 09.06.2022 година.
8. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Бигорски Манастир.

9. Донесување на одлука по барање за градежни материјали поднесено од Ванчо Ичев од с. Нова Маала.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 10 – тата седница на советот на општина Василево за збор се јави Ване Андонов предложи надополнување на дневниот ред со две дополнителни точки:
Како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Медиа Пресс Сервис.
Како 11-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од група граѓани од село Владевци.
Крсте Панев член на советот на општина Василево побара образложение по шестата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на водоводниот приклучок од главната линија бр.02- 419/1 од 09.06.2022 година., бидејќи во предходната точка има и приклучок за промена за водовод за шахта бара образложение бидејќи точката е слична.
Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево рече дека образложение ќе биде дадено кога ќе се отвори расправа по шестата точка..

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ване Андонов дасе надополни дневниот ред со две дополнителни точки:
Како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Медиа Пресс Сервис.
Како 11-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од група граѓани од село Владевци. беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 10гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Дневниот ред со со усвоените два предлози:
Како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Медиа Пресс Сервис.
Како 11-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од група граѓани од село Владевци. беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 11гласа,, за,, ,, против,, 3 и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за сопствено учество за аплициран предлог- проект преку Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента за 2022- 2024 година овозможена во рамките на проектот одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој- ll фаза поднесен преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево ова точка се однесува на грантовата шема за инвестиционен проект дигитална компонента финансиран од Швајцарската агенција. Општина Василево учествува со еден проект, мегутоа на форумот кој што се одржа беше изгласан проект Велопатеки и во тој проект е опфатено општина Василево да почна да спроведува тоа се однесува за Требичино,Варварица, и Седларци ќе бидат опфатени со велопатеќи. Општина Василево со Конче и Општина Радовиш имат воспоставено партнерство кој се однесува за производство на електрична енергија користејќи фотовалтајци што е во тренд и мода која што има преднос. Тие имат објект спортска сала треба таму да се постават фотовалтајци каде што од продажба општините ќе добиват одредени средства. Првично требаше да има подеднакво учество за тоа тој како градоначалникот се има залагано кај градоначалникот на Радовиш да не бидат на еднакви делови бидејќи тие ја знаат состојбата на Општина Василево имат дадено согласност општина Василево ќе има учество од 747.000 денари општина Василево да не ги фактурира обврските да плаќа од произведена и продадена струја туку без вложени средства ќе има финансиски капитал за идните градоначалници , долгот целосно ќе се исплати од произведената струја. Тоа ќе биде усогласено во самиот договор помеѓу трите општини со Швајцарската Агенција. Апелира овој проект треба да биде подржан од сите советници бидејќи е во интерес на сите граѓани на општина Василево..

Немаше друг пријавено за збор првата точка: Предлог- Одлука за сопствено учество за аплициран предлог- проект преку Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента за 2022-2024 година овозможена во рамките на проектот одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој- ll фаза поднесен преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, беше ставен на гласење од 15 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,4 и ,, воздржани,, 3.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Измена и дополнување на Буџетот на Општина Василево(Ребаланс) за 2022 година. за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Крсте Панев побара образложение за што се однесуват тие измени и надополнувања.
Габрила К. Ефтимова во образложението рече дека измените и дополнувањето на буџетот во 2022 година произлегуват од зголемените трошоци за електрична енергија поради зголемената цена и поради неможностата да бидат предвидени во Буџетот и има потреба за зголемување со ребаланс и најавените зголемувања на електрична енергија. Ребалансот се врши поради извршувањата кој што ги има на капитални трошоци поради неможноста да се предвидат во Буџетот, поради блокадата на сметката има извршување со таа пренамена се врши прераспределба на капитални трошоци за да можат фирмите да ги исплатат. Има и други тековно оперативни трошоци кој што не се значителни што значи Буџетот останува во иста сума70.060.000 само се врши некој поситни распоредувања за членарина за домашни организации се намалува сумата и други трошоци кој што со оглед на динамиката на извршување на буџетот се гледа дека има простор за нивно намалување се стават поголем дел на електрична енергија за капитални трошоци. За електрична енергија сумата во Буџетот изнесуваше 5.000 000 денари сега се зголемува на 9.500.000 денари, бидејќи 5.000 000 денари се реализирани од електрична енергија потрошени се и наредните сметки кој што треба да пристигнат, нема средства да се плакат затоа мора да се прави ребаланс да може електричната енергија да се плати. Исто така и за изградба и реконструкција на локални патишта од 4.338.000 се зголемува на на 9.308.000 денари тоа се најголемите измени за електрична енергија и реконструкција на локални патишта.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево потребата за ребаланс на буџетот се наметна од повеќе фактори тоа е поради светската енергетска и економска криза каде што општина Василево е во уште потешка состојба поради наследениот долг од 100.000.000 денари од предходниот период и блокирана сметка од 13.000 000 денари. Отцекувањата на граганите се големи после промената на локалната влас, лично тој со неговиот тим ќе се залага да ја реализира програмата што ја има ветено пред граганите, бидејќи ги знае проблемите и според можностите ќе се решават. Со овој ребаланс се предвидуват 5.000 000 денари за асфалтирање на улици и патишта планирани се и дополнителни 2.000 000 денари за фекална канализација во Василево се планират 200.000 денари за сообраќајна сигнализација по барање на граѓаните во Висока Маала, Нова Маала и Добрашинци. Во општина Василево има одпуштање на неколку вработени затоа е и ставката за привремени вработувања.. Најголем проблем се и огромните сметки кој се зголемени за пет пати општината ги плаќа за потрошена електрична енергија.Сака да каже од блокираната сметка од 13.000 000 денари вратени се повеќе од 8.000 000 денари за 7 месеци. Од тековните активности во Ничевската маала изградбата на на патот ќе продолжи, ќе продолжи да се гради и Културниот дом во Василево. Во тендерот за Културниот дом за кој што е вложено дополнителчен труд каде што е за решавање за технички и проектантски грешки нема предвидено електрична енергија. Смета дека општина Василево ќе почне да се стабилизира по разадолжувањето од предходниот период.

Илми Мустафов рече дека градоначалникот спомна за секаде но не спомна за малцинството што живее во неговото мало во Градашорци за четири години нема ништо реализирано.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево околу турското мало во Градашорци во моментот разговара за тоа што не беше реализиран проектот од минатите години кога дојде тој на функција каналот што е таму во Турското маало тендерот да се раскине договорот бидејќи е несоодветена техничката спецификација за изградба на овој канал. Во моментот се разговара со приватен инвеститор без никаков денар општината да даде да го инвестира тој канал.Техничката спецификација е корегирана се надева на позитивна сигнализација овој месец да одпочне бидејќи тоа беше обекано за време на кампанијата. Имаше и некое уредување кој барат граганите во турското маало каде што граганите чекат превоз. Се надева дека ќе почне соп реализација барем со еден крак канализација. Таму уште пред 10 години има ставено коректор една од поскапи работи кој се гради канализација .
Се надева дека до крајот на мандатот ке реализира еден до два крака во Граадашорци. Од неговото ветување повеќе преоритет има дадено за канализација бидејќи тоа го барат граганите. Се работи домаќински и според можностите има повеќе партнери, тоа ке се види во кварталниот извештај каде што има штедено на одредени ставки има заштедено гориво плус тоа има и нестандардни цени на пазарот тоа е волја на општинската администрација дека сака да направи нешто и во ваква состојба за време на енергетска и економска криза.

Билент Исиновградоначалникот спомна дека коректорот минува преку турското маало но пред да се изгради тој пред неговиот двор се соочува со големи проблеми бидејќи главната линија што е поставена често пати се запушува и се враќа во неговиот двор во целата мала има непријатна миризба за тоа е запознаена и директорката на ЈКП Турија Василево. негов предлог е пред да се направи канализацијата подобро е овој дефект да се санира бидејќи таму живеат четириесет фамилии.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека е запознаен со проблемот има таму направено пропоуст при градење на патот цевата е притисната заради тоа се случуват тие проблеми.
Крсте Панев колку што се секава на почетокот градоначалникот ветуваше дека преоритет ќе даде на изградба на канализација а не за изградба на патишта за тоа беше критикувана предходната власт сега исто пак се повторува. Праша зошто не се инвестира во изградба на канализација опозицијата нема да подржи за асфалтирање на улици.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека точно е тоа но ги нема разгледано добро материјалите советникот Крсте Панев не се само 2.000 000 денари за канализација туку4.000 000 денари со ребалансот се додават уште 2.000 000 денари се залагаше да да се додаде уште 1.000 000 денари мегутоа нема од каде. Околу асфалтирање на улици и опозицијата беше на власт знат дека не само во Василево и Градашорци има советници и од други населени места кој се залагат за асфалтирање на улици не значи дека со тие пари оваа година ќе се асфалтира сега општината е во лоша финансиска состојба и ќе продолжи според можностите што ќе ги има.

Илми Мустафов рече дека пред четири месеци имаше средба со градоначалникот пред Џамијата градоначалникот вети во турското маало сред село има големи дупки не можат колите да се движат и од Билент натаму има многу кал. А на таму има уште триесет куки. Градоначалникот има ветено дека ќе прати машина да се пополнат тие дупки.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека точно е тоа дека има ветено прво тендер треба да се распише да се искрпат дупките или пак да се пушти машината да израмни сето тоа ќе се реализира но за тоа е потребно време.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред Измена и дополнување на Буџетот на Општина Василево(Ребаланс) за 2022 година, беше ставена на гласење од 15 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со8 гласа,, за,, ,, против,,4 и ,, воздржани,, нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместок за приклучок на канализациониот систем на физичките лица во населените места Ангелци,Градашорци, Пиперево и Едрениково. бр. 02-416/1 од 09 .06. 2022 година, за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Крсте Панев рече дека тука има покачување од 14.000 000 денари на 16.000 000 денари. За приклучок на канализационен систем на физички лица во населените места Пиперево, Василево, Ангелци, Градашорци и Едрениково предходната власт ја намали од 18.000 денари приклучокот на 14.000 денари за да излезе во сусред на граганите сега состојбата е уште потешка период на пандемија енергетска криза материали покачени не се грижат за граганите праша по кој основ бидејќи е информиран тендерот за набавка на репшроматеријали е од минатата година цените не се менуват праша која е причината за покачување на цената не е во ред да се удара по џебот на граганите.
Васе Костадинов представник од ЈКП Турија Василево основниот трошок за зголемување на цената е нафтата одлуката што е донесена е била 53,50 моменталната состојба нафтата е 110 денари има зголемување на цената на нафта за да оди возилото треба нафта друг трошок е платата тој период платата е била 12.100 денари сега со новиот закон е 20.000 денари има зголемување и на платата на работникот други трошоци се материјалите од 140,75 сега се зголемени на 159,32 околу 12%зголемување на материјалите за канализација плус тоа зе зголемува и ДДВ.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече сите точки што се од комуналното со неговото доагање после два месеци дојде до инфлација кај некој производи не 20% туку 100% има покачување па и 200 % лично тој беше за тоа да не се покачуват сите комунални предпријатија цените ги покачија ногу поодамна имаше притисок и од вработените и директорката дека не се издржува со овие цени има информации од други општини дека цените ќе ги покачат многу повеќе Во Босилово цените за губрето се покачени на 300 денари состојбата е тешка во целата држава тоа

е резултат на покачување на цените и инфлацијата ја контролира ЈКП а не општината истото се однесува за сите точки кој се на дневен ред.
Крсте Панев сите се запознаени дека нафтата е покачена и материјалите но не мора да се удри по граганите праша дали парите од граганите кој што ги зима ќе ги плаќат за партиските војници кој се водат како вработени во ЈКП Турија по 3 месеци зимат плата 18.000денари а немат доагано на работа ниту еден ден.

Александра Мадевска сака само да го надополни советникот крсте Панев има информации дека регулаторната комисија веќе ги има покачено цените 100% Има граганин од Пиперево што е и претседател на оваа комисија од страна на ВМРО ДПМНЕ тој знае дека во предходниот период за канализација имат плакано ногу помалку праша дали тие како советници треба да удрат по граганите за вработување на партиски послушници каде секојдневно се вработуват во комуналното врие од луге на дневници седат не им е гајле дали народот ќе плаќа за овие плати исклучок на одредени што работат.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместок за приклучок на канализациониот систем на физичките лица во населените места Ангелци,Градашорци, Пиперево и Едрениково. бр. 02-416/1 од 09 .06. 2022 година, беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,3 и ,, воздржани,, нема

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за приклучок на корисниците на водоводната мрежа во населените места во Општина Василево бр.02-417/1 од 09.06.2022 година. за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Александра Мадевска се спомнува за покачување на цените од 13.000 на 16.000 тука се спомнати места Ангелци,Градашорци, Пиперево и Едрениково. Праша што со другите населени места смета дека треба да биде опфатено и село Едрениково бидејќи и тоа спага под филтер станицата на Ташли Баир и другите филтер станици работат на тој принцип исти трошкови праша што со другите населени места доколку се покачат цените треба за сите да се покачат

Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија “ Василево според него се работи за техничка грешка на Управниот одбор лично тој беше претседател кога се разговараше се однесуваше за сите населени места за Чанаклија Нова Маала, Добрашинци.
Крсте Панев рече дека Одлуката гласи само за Василево, Градашорци и Ангелци и се менува друго не постои.
Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија “ Василево направено е пропуст логично е после Одлуката од 2009 година почнаа да се приклучуват добрашинци, Нова Маала и Чанаклија.

Ристо Делјанов рече дека сега одлуката се менува и важи за сите села во Општина Василево.

Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија “ Василево како податок од 2009 ГОДИНА Оградата што се става 192 сега последниот тендер е 533 има зголемување 207% спојка од 66 денари се зголемува на 160 денари водомерот од 1924 со овој тендер се зголемува на 4.632, црево од 21,50 сега со овој тендер се зголемува на 33,90 денари тоа е основни работи за приклучок.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за приклучок на корисниците на водоводната мрежа во населените места во Општина Василево бр.02-417/1 од 09.06.2022 година.беше ставен на гласење од 15 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со8 гласа,, за,, ,, против,,5 и ,, воздржани,, нема.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на шахта бр.02-418/1 од 09.06.2022 година,за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија “ Василево даде образложение за зголемување на цените основно е горивото и превозот што се оде до таму за дислокација од едно место во исти двор за да се приклуче цената од 1600 се покачува на 4000 денари тука спага и ископот додека за дислокација тоа е од една катастарска парцела на друга катастарска парцела се вадат водомери и шахти се стават на други места тоа е основниот трошок за зголемување на цената.

Александра Мадевска праша на ¾ шахта од 1600 се менува на 4000 за физички лица додека правните лица 1 и 2 цола од 3000 на 7000 каде што сите знаат дека тие не стават нова шахта тие идат само и ја подместуват истата шахта по желба .Пред малку се спомна дека е по стариот тендер се уште доколку истече тендерот цените се менуват што е и нормално праша зошто во моментот се покачува цената а што е жално за правните лица плакат по 1000 евра за еден приклучок тие таму се други цеви што ги стават не се исти комуналното не губи губи тој што го подпишал тендерот според неа неможе за правните лица останува исто а се троши ногу повеќе материјал и други работи праша зошто се менува овие цени.

Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија “ Василево за дислокачија најмалку се потребни 4 работника за да се оди со машина испод 2000денари нафта се става, на шоферот дневницата изнесува1100 денари со 10% ддв за него се плака 1300 денари што значи се работи во загуба од старт.

Крсто Панев цената на нафтата е покачена исто и данокот според него покачената цена од 1600 на 4000 денари точно е дека треба треба да има вработено луге во комуналното но не и вработени кој што не се јавуват ни на работа според него има пари да се плати но плански да се работи да не се дозволува машината да оди само за една дислокација кога ќе оди машината треба да се планират повеќе работи доколку се работи плански нема да се удри по џебот на граганите.

Немаше друг пријавено за збор Петата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата

на шахта бр.02-418/1 од 09.06.2022 година беше ставен на гласење од 15 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со8 гласа,, за,, ,, против,,6 и ,, воздржани,, нема.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија " Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на водоводниот приклучок од главната линија бр.02- 419/1 од 09.06.2022 година за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 глас „за",, против,, и ,, воздржани,, нема.

Крсте Панев побара образложение дали се однесува само за физички лица висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на водоводниот приклучок од главната линија се покачи од 4000 на 7000 денари во одлуката е нагласено само за физички лица не е нагласено за правни лица.
Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија " Василево рече дека во период од 16 години такви счучаи има 3 кога се провери одлуката со старите цени се увиде да не работи комуналното со загуби се донесе и таква одлука да може барем основните трошкови да бидат покриени иначе таа дислокација од едно на друго катастарско парцела таков случај има само 1 во василево и 1во Грдашорци за да биде законски покриено се донесува и оваа одлука.

Илми Мустафов има случаи кој што се многу далеко од главната линија праша дали ќе се плаќа повеќе или цената останува иста побара образложение да знаат граганите.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има директор и вработени во ЈПКД „ Турија " Василево таму треба да се обрати за да биде информиран, според прописите да се одлучи подеднакво.
Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија " Василево рече дека за секоја промена се поднесува и барање и се утврдува дали има услови за дислокација доколку има се одговатра позитивно и се врши услуга.

Немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија " Василево за измена на одлуката за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на локацијата на водоводниот приклучок од главната линија бр.02- 419/1 од 09.06.2022 година беше ставена на гласење од 15 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,,5 и ,, воздржани,, нема.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на цената за комунални услуги- собирање, транспортирање и депонирање на цврст комунален отпад за домаќинства бр. 02.-420/1 од 09.06.2022 година за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Крсте Панев цената за комунални услуги- собирање, транспортирање и депонирање на цврст комунален отпад за домаќинства за дворни површини од 500м2 од 150 денари се зголемува на 200 денари а за правни лица со површина поголема од 100 м по 2000 денари други правни лица и установи по 800 денари според него доколку се сака може да се излезе во сусрет на граганите може да се зголеми работата на ЈПКД „ Турија може да се опфатат и другите населени места како што направи и предходната власт со проширување за собирање на комунален отпад бидејќи има набавено три возила побара образложеније дали се планира да се прошири собирањто на комунален смет во останатите населени места кој што не се опфатени отколку да се покачува цената.

Александра Мадевска рече дека само сака да го надополни советникот Крсте Панев дека има одредено квадратура на плаќање праша на кој начин ќе се утврди квадратурата и за правните лица и за физички лица од кога се знае после состанокот со Босилово има и позитивни страни што поднесуват елаборати за било кој објект каде што по тај елаборат ја одредуват цената за собирање комунален отпад од страна на на ЈПКД „ Турија. Според неа се одредува паушално по квадратура знае да не потенцира за други фирми кој се од поголем обем плакат 2000 денари а поголемите фирми плаќат по 800 денари.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има вистина во кажувањето на советничката Александра Мадевска доколку се работи по партиски линии фунционери на СДСМ што имат правни објекти немат плаќано од 2 до 3 години сега плакат пред тоа биле тол ерирани од предходниот директор кој што сами си кажуват за тоа.

Околу опфаќањето- собирање, транспортирање и депонирање на цврст комунален отпад и во останатите населени места рече дека тоа е планирано во програмата и ќе биде реализирано до година ќе има донација за едно населено место доколку има и друга донација во преговори се со јапонската амбасада каде што се договара дали да бидат канти или контејери се работи со поголема бројка и во наредниот период се планира да бидат опфатени и останатите три населени места.

Александра Мадевска рече дека нејзиното прашање беше за квадратурата на кој начин ќе се одредува. Околу тоа што кажа дека некој членови од СДСМ немат плаќано повеќе години ќе биде воздржана знае градоначалникот на кој асоцира се однесува за пратеникот Сашко Атанасов би сакала да праша за Столе Дијагонала колку плака бидејќи има сознанија дека тој плаќа 800 денари а пратеникот Сашко Атанасов плаќа 2000 денари.

Крсте Панев има представник од ЈПКД „ Турија “ Василево побара образложение по кој начин ЈП ја пресметува површината за физички и правни лица и јавни установи.

Васе Костадинов претставник од ЈПКД „ Турија “ Василево барањето што е поднесено се однесува само за домаќинства не и за правни лица. Одлуката од 800 денари и 2000 денари беше доне за домаќинствата. Барањето за правни лица веќе е донесено 800 денари се однесува за продавници и за магацините 2000 денари.

Немаше друг пријавено за збор седмата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПКД „ Турија “ Василево за измена на одлуката за утврдување на цената за комунални услуги- собирање, транспортирање и депонирање на цврст комунален отпад за домаќинства бр. 02.-420/1 од 09.06.2022 година;беше ставен на гласење од 15 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,6 и ,, воздржа нема.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Бигорски Манастир. за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена го усвои предлогот со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздрани нема да се доделат финансиски средства во износ од 10.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 10.000 денари по барањето поднесено од Бигорски Манастир; од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8гласа,, за,, ,, против,,6 и ,, воздржани,, нема.

Осмата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Бигорски Манастир.;со усвоениот предлогот да се доделат финансиски средства во износ од 10.000 денари беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со8 гласа,, за,, ,, против,,6 и ,, воздржани,, нема.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за градежни материјали поднесено од Ванчо Ичев од с. Нова Маала, за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена го усвои предлогот со 3 гласа,,

Немаше друг пријавено за збор девета точка од дневниот ред деветата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за градежни материјали поднесено од Ванчо Ичев од с. Нова Маала, , беше ставен на гласење од 15 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 14гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

10.

По отворената расправа по десетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Медиа Пресс Сервис, немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

11.

По отворената расправа по единајсетата точка од дневниот ред : Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од група граѓани од село Владевци. немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 10- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов